Уп. Бр.08-73/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ВГРД ГмбХ (VGRD GmbH), друштво со ограничена одговорност, со седиште на Волфсбургер Ландштрасе 22/22а/22б, 38442 Волфсбург, Германија (Wolfsburger Landstraβe 22/22a/22b, 38442 Wolfsburg, Germany), доставено преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 11.05.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ВГРД ГмбХ (VGRD GmbH), друштво со ограничена одговорност, со седиште на Волфсбургер Ландштрасе 22/22а/22б, 38442 Волфсбург, Германија (Wolfsburger Landstraβe 22/22a/22b, 38442 Wolfsburg, Germany), има намера да стекне единствена контрола врз одреден имот на Ауто-Холдинг Дрезден Гмбх со деловна адреса на Хамбургерштрасе 28, 01067 Дрезден, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 07.04.2022 година, а дополнето на 26.04.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ВГРД ГмбХ (VGRD GmbH), друштво со ограничена одговорност, со седиште на Волфсбургер Ландштрасе 22/22а/22б, 38442 Волфсбург, Германија (Wolfsburger Landstraβe 22/22a/22b, 38442 Wolfsburg, Germany),со која ВГРД ГмбХ има намера да стекне единствена контрола врз одреден имот на Ауто-Холдинг Дрезден Гмбх со деловна адреса на Хамбургерштрасе 28, 01067 Дрезден, Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ВГРД ГмбХ** е германски дистрибутер на автомобили кој е дел од Групацијата Фолксваген. Самиот Подносител на Известувањето не е активен во Република Северна Македонија.

Групацијата Фолксваген е развивач и производител на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, патнички автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли и резервни делови и додатоци со седиште во Волфсбург, Германија. Групацијата Фолксваген е активна и во дистрибуцијата на возила. Групацијата Фолксваген е активна во над 150 земји, има 122 производствени погони ширум светот, вработува над 600.000 луѓе и опфаќа дванаесет марки од седум европски земји: Фолксваген патнички автомобили, Ауди, СЕАТ, ШКОДА, Бентли, Бугати, Ламборџини, Порше, Дукати, Фолксваген комерцијални возила, Сканија и МАН. Групацијата Фолксваген е исто така активна на полето на поврзани услуги за автомобили, вклучувајќи поддршка за споделување на автомобили и услуги за флота и управување. Дополнително, Групацијата Фолксваген обезбедува финансиски и осигурителни услуги поврзани со финансирање и лизинг на автомобили и комерцијални возила, и опфаќа и редовни банкарски и други осигурителни активности. Оваа активност главно ја спроведува Фолксваген Фајненшл Сервисис АГ (Volkswagen Financial Services AG) и неговите зависни друштва.

Матичното друштво на Групацијата Фолксваген е Фолксваген АГ (Volkswagen AG), акционерско друштво основано според законите на Германија, со седиште на Берлинер Ринг 2, 38436 Волфсбург, Германија.

Групацијата Фолксваген ги има следните зависни друштва во Република Северна Македонија:

1. Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;
2. Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;
3. Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден,со регистрирано седиште на Улица 34 бр.7, Илинден, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила; и
4. Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.4, Скопје, и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

**Целниот Бизнис** се состои од одреден имот кој го сочинуваат оперативниот бизнис на Ауто-Холдинг Дрезден за малопродажна дистрибуција на нови и користени патнички автомобили, лесни комерцијални возила, резервни делови од марката Фолксваген и резервни делови што не се оригинална опрема (како и услуги за одржување и поправка) во градското подрачје на Дрезден, Германија. Целниот Бизнис е застапник за продажба за Групацијата Фолксваген.

Целниот Бизнис нема никакви активности и не прави промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**